# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јануари 2005 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници,

Најнапред да го поминеме формалниот дел, а се надевам дека до тогаш ќе се обезбеди кворум. Вака ако продолжиме ќе ги закажувам седниците во 9,00 часот за да можеме во 10,00 часот да почнеме.

Продолжуваме со работа по 86-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Зоран Крстевски, Весна Борозан, Тригун Костовски, Ванчо Ѓорѓиев, Славица Станковска, Али Ахмети, Џевдет Шаќири, Мендух Тачи, Илјаз Халими, Теута Арифи, Абдуладим Адеми, Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Орданчо Тасев и Марија Којзеклиска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Вчера завршивме со расправата, треба да пристапиме кон гласање, молам службите да ме известат колку пратеници се потпишани, дојдени.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Во салата се присутни 56 пратеници.

Претпоставувам, пратениците да се потпишат, ќе дојдат

(Во салата влегуваат пратеници).

Во салата се присутни 61 пратеник.

Продолжуваме со работа по точката **12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници од кои 53 за, 4 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на точката **16 - Предлог на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 6; член 27; член 47 став 1, став 2 за бришење на алинеја 6 и за додавање на нов став 4 по ставот 3; член 49 став 1 алинеја 7; член 50 став 3; член 51, став 2, алинеја 1 и на став 3; член 76; член 77, став 1 и на член 84 став 1,2 и 3.

**Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 6, поднесен од Законодавно-правната комисија**.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 27, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 47, став 1, став 2 за бришење на алинеја 6, и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 49, став 1 алинеја 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 50 , став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 51, став 2, алинеја 1 и на став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 76, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 77, став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот на член 84, став 1,2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.**

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски, министер за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон, со оглед на тоа што на овој закон е втора фаза, нацртот беше на 62-та седница која се одржа на 10 јуни. Овој закон практично ја регулира приватизацијата на градежното земјиште во Република Македонија.

До 1991 година градежното земјиште беше во општествена сопственост на Република Македонија, од 1991 година премина во државна сопственост и ова земјиште во најголем дел постои право на користење или корисничко право.

Со овој закон практично треба да престане категоријата корисничко право и градежното земјиште во државна сопственост во Република Македонија практично да премине од корисничко право во сопственичко право. Ова е добро како процес, може да се каже, меѓутоа сепак ова треба да биде транспрарентно и да се изврши на начин кој што навистина ќе ги задоволи сите норми и стандарди на морално однесување, така да кажам.

Голем број на корисници на градежно земјиште, и на дворовите околу бараките, околу куќите, или помали парцели кои досега имаат корисничко право ќе добијат сопственичко право и тоа е добро. Меѓутоа, ние сме сведоци, особено во последниот период дека многу значајно градежно земјиште, како што беше и во центарот на Скопје се нудат по цени кои што навистина се смешни за Република Македонија и сметам дека постои начин на изигрување на законот во Република Македонија, или заобиколување на некој начин. Ние како политичка партија доста го актуелизиравме случајот со Скопски пазар, кој исто така е корсник на градежно

неизградено земјиште, а практично се однесува како да е сопственик и се обидуваат на овој начин да ја добијат таа сопственичка категорија.

Значи, на многу локации во Скопје, сметам дека под или за сметка на огромен број на корисници со мал простор на градежно земјиште, мал број на фирми, кои што користат атрактивни локации на градежно земјиште и во градот Скопје и ширум Република Македонија на овој начин ќе се стекнат со сопственичко право. Сметам дека тука законот треба добро да се разгледа и да се оневозможи на овој начин овие фирми и овие корисници на тие атрактивни простори, на атрактивни локации на градежно земјиште, да не го добијат на начинот на кој што, каде имавме случаи во поблиската иднина минато сега во Република Македонија.

Затоа, ние сметаме дека овој закон не е добар за Република Македонија, иако реков како определба е добро што со овој закон се обидуваме да го решиме, но сметам дека на овој начин голем број, пак ќе повторам, на фирми ќе се стекнат со такво право за кое што сметам дека не го заслужуваат.

Прво, сметаме дека треба да се заврши со законот за децентрализација, а потоа да се носи ваков закон, бидејќи со приватизирањето на градежното земјиште треба да бидат разрешени имотно-правните односи. До мене како пратеник имало голем број на случаи во кои што со поранешни сопственици кои што имаат сега во процес на денационализација или децентрализација на градежното земјиште, меѓутоа, корисниците се некои од атрактивните фирми и тие не можат да го добијат своето право, значи сето тоа се одоговлечува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, да ве потсетам дека ова е последна фаза, овој текст на закон не е прва фаза каде што дискутираме за општи начела и дали треба или не треба да се донесе законот. Законот ќе биде изгласан или нема да биде изгласан за половина час, можеби и пократко. Затоа, зборувајте по текстот на законот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да го кажам своето мислење, нема да бидам долг, кратко ќе завршам. Повторно ќе кажам дека ние овој закон нема да го поддржиме, бидејќи со овој закон, исто така и со Уредбата на Владата на Република Македонија, со таа Уредба повторно ќе го спомнам Скопски пазар и други фирми кои што држат атрактивни локации на некој начин направија голем криминал. Со овој закон и со Уредбата повредено е основното право на сопственост, бидејќи корисникот на

земјиштето во непречено фактичко владение на земјиштето и истиот законски и совесно е владетел. Затоа, сметам дека овој закон не треба да се поддржи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Повелете господине Балковски по текстот на законот.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата,

Најпрво сакам да кажам дека добро е што овој Предлог закон што денес ќе се изгласа одеше во неколку фази и имавме можност да разговараме и да предложиме некои работи кои што во одреден дел се прифатени уште кога разговаравме во Комисијата за транспор и екологија, од Министерството за финансии, меѓутоа, сакам да кажам пред да почнам по Предлог законот да разговараме и по членовите, едноставно за примената на овој закон што ќе значи оваа примена на овој закон, а тоа е дека, се согласивме и сите и Министерството за финансии за тоа дека навистина ќе имаме проблем во примената на овој закон за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост што ќе го спроведува Министерството за финансии односно Управата за имотно-правни работи. Зошто го кажувам ова?

Најпрво, мислам дека требаше да се разграничат ингеренциите на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии во поглед на овој закон, а ние знаеме дека имаше и проблеми во минатата Влада, поготово за овој закон и една од причините во излагањето на поранешниот премиер беше и несогласувањето на овој закон со министерот, поранешниот министер за транспорт и врски. Потоа, многу брзо се донесе на Влада овој закон, кога Владата беше во оставка се донесе овој закон и многу е чудно што тогаш како повереник беше Џемали Мехази сегашниот министер за транспорт и врски кој што во тој период да поминеше овој закон ќе го бранеше од улога на повереник на Министерството за финансии, меѓутоа, сега е како министер за транспорт и врски. Јас би сакал да го слушнам и неговото сегашно мислење какво е во поглед на овој закон, затоа што, мислам дека не се доволно поделени надлежностите помеѓу Министерството за транспорт и врски односно се мешаат надлежностите помеѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии. Бидејќи, тоа не е направено од оваа Влада, овој закон не е донесен, сепак, јас тоа го кажав и на Комисијата за транспорт, врски и екологија, мислам дека овој закон прво требаше да се врати во

оваа Влада, па оваа Влада да го предложи, затоа што ситуацијата е специфична со поранешниот повереник на Министерството за финансии односно повереник на Владата, а сегашен министер за транспорт и врски. Мислам дека беа оправдани сите тие несогласувања да речам од една страна на Министерството за транспорт и врски, затоа што од една страна тука се кажува дури и по две средства за спроведување на законот, се кажува дека со овој Предлог на закон во постапка на приватизација е една ситуација, а стекнување на право на долготраен закуп и времен закуп е во надлежност на органот на државната управа надлежен за управување со градежното земјиште, а тоа е Министерството за транспорт и врски. Така што, ако веќе, јас тоа го кажав минатиот пат кога разговаравме дури и по нацрт законот, ако веќе не можеше да се најдат некои усогласувања помеѓу двете министерствата, помеѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, можеби за спроведување на овој закон требаше да се размислува за формирање дури и на агенција за управување со државното земјиште, затоа што верувајте Управата за имотно-правни работи, еве тука е и директорот со целосна професионализација во нивната работа, меѓутоа, сосема други проблеми ќе ги решава овој закон во однос на градежното земјиште и во однос на проблематиката што ги решава сега Управата за имотно-правни работи. Мислам дека многу брзо во практиката ќе се види и ќе дојде до стагнација на работата на Управата за имотно-правни работи поготово во временскиот рок каде што ќе треба овој закон да се имплементира, а од друга страна штета ќе трпат граѓаните, а тоа најмалку го сакаме сите без разлика од кои политички партии доаѓаме овде и без разлика што некои работи се согласуваме, а во некои работи не се согласуваме во однос на овој закон. Меѓутоа, сепак, одлуката беше на Владата овој закон да биде под ингеренции на Министерството за финансии, под ингеренции на Управата за имотно-правни работи, а потоа резултатите ќе кажат дека сепак тоа не беше најисправно решение. Затоа што, знаете каде ќе имаме проблеми во спроведување на овој закон, ако веќе подрачните единици кога ќе одат под ингеренции на локалната самоуправа и сите ќе се укинат, граѓаните кои ќе бидат должни да склучуваат долготраен закуп на ова земјиште, едноставно ќе треба да доаѓаат во централата во Скопје и сите тие работи да ги прават. Ако беше Министерството за транспорт и врски едноставно спроведувач на овој закон, ќе можеше во подрачните единици на Министерството за транспорт и врски да останат и таму директно во градовите, каде што директно се засегнати граѓаните таму да ги решаваат овие работи. Сепак, се усложнува оваа

постапка, така што јас кажав дека ова го кажував и на минати**от** пат и сега, меѓутоа, знам дека веќе ништо не може да се смени, но сепак можеби ќе придонесе за некои размислувања во поглед на спроведување на овој закон.

Друга работа што сакам да ја кажам е дека по донесување на овој закон, многу брзо би требало да се размислува и за спојување на овој закон со Законот за градежно земјиште и многу добро е целата проблематика со градежното земјиште, без разлика во каква сопственост е дали во државна или во приватна, во изградена или во неизградена форма, но Законот за градежно земјиште што е донесен во 2001 година едноставно да биде споен со овој закон за приватизација и закуп на градежно земјиште и целокупната проблематика да се решава со еден закон. Мислам дека тоа е решено во Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија, сметам на таков начин ќе имаме многу добри резултати во поглед на спроведување на овој закон, а и на Законот за градежно земјиште, затоа што едноставно и тука се решаваат некои работи во поглед на приватизацијата на неизграденото градежно земјиште.

Уште и со самото име требаше овде да имаме промена на овој закон, затоа што имаме нејаснотии, бидејќи сега како закуп ќе биде закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, многу подобро ќе беше тоа да биде закон за приватизација и закуп на градежно изградено земјиште во државна сопственост. Меѓутоа, сепак, овие работи не се усвоија од Министерството за финансии и уште во минатите предлози, но сепак некои работи сакам да нагласам дека навистина беа во постапката на дискусии уште во Комисијата, неколку пати што нагласив, едноставно беа почитувани и беа вградени во овој закон, така што останува само времето сега да каже на каков начин ова ќе се спроведува. Сепак, и Министерството за финансии, но многу повеќе Управата за имотно-правни работи навистина треба да изгради еден систем за спроведување на овој закон, бидејќи со сегашнава работа навистина ќе имаме проблеми, не само како Влада вие и ние како Собрание, но сите поплаки и жалби што ќе доаѓаат од граѓаните до нас овде, меѓутоа и во начинот на спроведување на овој закон на ваков начин каков што е сега, навистина ќе има проблеми. Но, времето ќе покаже, па па можеби ќе разговараме и предлог би се случил многу брзо треба да се размислува и за Владата, овие два закони навистина да се спојат во еден закон за градежно земјиште, без разлика ќе речам на каков начин ќе се договорите и кој да ги има тие ингеренции. Значи, не се проблем ингеренциите, дали ќе бидат во Министерството

за транспорт и врски, дали ќе бидат во Министерството за финансии или некое други надлежно министерство, јас како предлог дадов да се формира дури и агенција за градежно земјиште, меѓутоа, навистина треба еден да ја води целокупната проблематика во градежното земјиште, за да имаме резултат, бидејќи сега еве според приходите во Буџетот веќе се прикажани тие работи, а во наредниот буџет сигурно ќе имаме уште поголеми приходи, затоа што овие 61 милион што беа, сега се многу малку, да речам, во споредба со тоа колку големи приходи ќе пристигнуваат во однос на приватизацијата на градежното земјиште. Меѓутоа, навистина треба еден субјект, едно министерство, дали агенција, а тоа треба да го забележи Владата кој ќе го спроведува овој закон и кој ќе се бави со проблематиката на градежното земјиште.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Повелете госпоѓо Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе, почитувани министри,

Кратко ќе се надоврзам на дискусиите на претходните дискутанти. Најнапред ќе кажам дека Либерално демократската партија ќе го поддржи овој закон од причини што овој закон претставува еден од последните на трансформација на општествената сопственост односно корисничкото право во сопственичко право, кој што е и еден од предусловите за привлекување на странски инвестиции, а тоа е титуларот врз сопственоста на градежното земјиште. Ќе се надоврзам на дискусијата на господинто Балковски во делот на проблемите при примената на овој закон. Во комисијата за транспорт и врски сите членови на Комисијата се согласија во едно дека рокот од две години, имајќи ја предвид неинформираноста на граѓаните околу нивните права и обврски околу овој закон, затоа што овој закон ќе предизвика обврски на сопствениците на градежното земјиште, кои што сега од корисничко право ќе се трансформира во сопственичко право, така што тие ќе бидат и даночни обврзници на таа сопственост на земјиштето. Тоа, пред се, се однесува на изграденото градежно земиште и до Министерството за финансии или тоа што го кажа господинот Балковски надлежниот орган за спроведување на овој закон е многу важно да се дефинира, да спроведе кампања за информирање на граѓаните во

делот на доставувањето на барањата за изготвување на решение за приватизација на градежното земјиште, изградената градежно земјиште и воведувањето новината на воведување на долготраен закуп на градежно земјиште и времен закуп на градежно земјиште. Посебно е важно да бидат информирани граѓаните кои ќе бидат ослободени од плаќање на надоместок на градежно земјиште. Имајќи ги предвид имотно-правните односи, одделенијата и нивната екипираност, персонална и техничка, тешко ќе можат подрачните единици тоа да го спроведат, така што надлежните органи за спроведување на законот треба да подразмислат во овој краток временски рок како ќе се спроведе овој закон, така што тој ќе биде еден од сериозните проблеми, имајќи предвид дека податоците произлегуваат од Републичката геодетска управа која што е во процес на големи реформи во спроведувањето и Катастарската управа и спроведувањето на Катастарот. Така, координацијата помеѓу Министерството за транспорт и врски и Републичката геодетска управа, имотно-правните односи посебно, имајќи предвид дека имотно-правните односи уште тече процесот за денационализација, кои што имаат исто така голема работа околу овој процес кој што сеуште не е завршен, така што при имплементацијата на овој закон овие забелешки треба Министерството да ги има предвид и Владата генерално во делот на функционирање на Државната управа. Овде повторно ќе ја афирмирам идејата околу концентрирање на сите овие надлежности во едно министерство или во еден орган, можеби фонд или агенција за јавни инвестиции или пак во едно министерство, почнувајќи од земјиштето, просторното планирање до градежништвото, така што прегломазноста на Министерството за транспорт и врски овде повторно ќе го потенцирам, во делот на надлежностите околу планирањето на просторот, почнувајќи од градежното земјиште, иако ова не е предмет на овој закон, меѓутоа посебно важно е за привлекување на странски инвестиции, кои што сите ние овде во Парламентот имаме консензус околу ова дека ова е приоритет на политиката на Република Македонија.

Уште еднаш ќе нагласам Либерално демократската партија ќе го поддржи донесувањето на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 56 за, 5 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за буџетите.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине министре, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претседателе,

Би сакал да укажам само дека следните пет закони се од Министерството за финансии. Тоа се Законот за буџети, Царинскиот закон, Законот за јавен долг, Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност. Сите се во прва фаза, предлог за донесување и за сите нив во воведното излагање за Буџетот дадов осврт на реформите што се спроведуваат со овие закони. Затоа, иако се во прва фаза, тоа воведно излагање ги акцептираше воведните напомени. Поединечно нема за ниту еден од нив дополнително да зборувам. Да се има предвид воведното излагање во кое што тие реформи се најавени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи Вашето воведно излагање им беше поделено, од тогаш поминаа можеби 20-тина дена, имаше доволно време да се простудира.

Повелете госпоѓо Костадинова имате збор, а потоа пратеникот Спиро Мавровски.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе.

Почиуван претседателе, почитуван министре и претставници од Министерството за финансии,

Во пакетот на закони од сферата на буџетската политика и финансиската проблематика, што ги имаме за расправа на 86-тата седница и за кое што министерот напомна, даде воведно излагање во своето експозе пред Нова Година, е и Предлогот за донесување на законот за буџетите.

Бидејќи ова е прва фаза на Законот во собраниска процедура, предноста е во тоа што можеме да го дадеме својот придонес во неговото конечно обликување, да ги надополниме празнините во текстот, се разбира доколку ги има и во втората фаза да имаме што помала можност за амандманска интервенција.

Должното внимание што му го посветив на овој Предлог за донесување закон за буџетите не резултираше барем од моја страна со изнаоѓање на некои фалинки, недостатоци и празнини, така што според моето познавање на проблематиката, Предлогот е сосема квалитетно и стручно изработен. Затоа и мојата дискусија ќе биде сосема кратка и во контекст на поддршка на Предлогот, со мали забелешки што ќе ги изнесам на крајот од мојата дискусија.

Всушност, се работи за донесување на нов закон за буџетите од причина што постоечкиот, што е во примена, е донесен во 1993 година, по монетарното осамостојување на нашата Република од бившата држава. Од тогаш па до сега тој постојано е менуван и надополнуван, во согласност со реформите што се извршени во изминатиот 11-сет годишен период во буџетската политика. А, исто така и со воведувањето на трезорскиот систем кај буџетските корисници после укинувањето на Законот за платен промет каде што тие фигурираа.

Сакам да потенцирам дека овој Предлог во текстот го има инкорпорирано применливите постиоечки решенија, измените и дополнувањата, но и најновите решенија што до сега не се применувани во начинот на прикажување на буџетот. Значи, основната причина што денеска расправаме за овој Предлог на закон е да добиеме нов, целосен и модерен закон за буџетите. Законодавецот, при тоа, водел сметка тој да се базира на сите оние основни начела што треба да бидат застапени, а тоа е начелото за рационално, економично и наменско трошење на јавните средства,потоа начелото на транспарентност, одговорност и законитост и тоа како на Републичкиот буџет, така и на буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на градот Скопје.

Предлогот е, како што веќе напомнав, навистина сеопфатен, а со оглед на тоа што е планирано да се применува од 1 јануари 2006 година, а само Глава 2 и 3 од 1 април 2005 година, односно одредбите од Глава 2 каде е регулиран буџетскиот

процес и Глава 3 каде е разработен начинот за доставување на Предлогот за донесување на Буџетот што се во функција на навремени подготовки за изготвување на Буџетот, стратешките приоритети и фискалната стратегија.

Од ова произлегува дека, навистина, имаме време и простор да донесеме закон со квалитетни решенија што ќе одговори на барањата на модерната буџетска концепција, согласно меѓународните сметководствени стандарди со што ќе се заокружат започнатите реформи во таа сфера.

Решенијата во Предлогот концепциски се сместени во 8 целини и при тоа се поаѓа од дефинирање на основните поими што се среќаваат во законот, за да понатаму детално се појаснат сите постапки во процесот на подготовка и извршување на Буџетот.

Со тој Предлог на закон и новата концепција на подготовка и конечниот концепт на буџетот се овозможува негова подобра применливот за анализи, изготвување на анализи, подобро користење на истиот за владини потреби и на крај.,тоа што ни е главна цел, усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија чиј што кандидат претендираме да бидеме.

Навистина сметам дека нема потреба да ги изнесувам подробно решенијата од истиот. Предлогот го прифаќам со неколку мали надополнувања што суштински ништо не менуваат, но придонесуваат за допрецизирање на неколку членови и тоа:

Во членот 7 кој во четири точки ја обработува постапката за одобрените средства со Буџетот, сметам дека по точката 3 треба да има нова точка 4, каде ќе биде регулирано дека буџетската институција треба да поднесе барање до Министерството за финансии во кое што барање ќе ја образложи неопходната потреба за преземање на обврски над одобрените средства со Буџетот во текот на буџетската година. И, откако ќе добие одобрение да може да презема поголеми обврски над одобрените средства. На овој начин сметам дека ќе се допрецизира постапката.

Точката 4 да стане точка 5.

Во членот 10 што ја регулира постапката за користење на резервите, сметам дека по точка 4 треба да има нова точка 5 во која ќе се регулира постапката да ако имаме случаи буџетската резерва било од тековна или постојана да не се искористи, како ќе се пренаменат тие средства? Или, едноставно ќе останат неискористени.

Во членот 12, точката 2 што се однесува на тоа да во колку предложениот поропис или акт предизвикува дополнителни финансиски импликации, дека Владата

тоа го констатира. Сметам дека точката што е ставена на крајот од реченицата, треба да се избрише и реченицата да се надополни со зборовите “и бара од предлагачот на прописот или актот да предложи нови извори на финансирање”.

Во членот 18, став 1, регулирано е фискалната стратегрија да се доставува до Владата во месец април од тековната година. Мојот предлог е место месец април, да стои месец март, затоа што во членот 19, став 1 е регулирано дека Владата ги усвојува стратешките приоритети до 15 април. Со тоа, всушност, се дава повеќе простор на Владата, место така како што беше регулиран.

Во членот 38 каде во три точки се регулира постапката за користење на квартално одобрените средства, сметам дека точката 2 треба да содржи и рок од 5 дена по истекот на кварталот. А, Владата, на предлог од министерот за фианнсии може да донесе одлука за намалување на одобрените средства и нивна пренамена во резерви во капитални расходи, во рок од седум дена по добивањето на предлогот од министерот. Всушност, во членот 38, точката 2, точката на крајот од реченицата да се избрише и да се додадат зборовите “во рок од 5 дена по истекот на кваратлот”.

Во точката 3, исто така, точката на крајот од реченицата да се избрише и да се додадат зборовите “во рок од 7 дена по добивањето на предлогот од министерот”. Тоа го предлагам од причина што до сега болна точка беше нетрошењето на средства одобрени за капитални расходи. А, со регулирање на можноста за нивно квартално следење и дополнувањето со рок 5 дена и 7 дена по истекот на кварталот, ќе се избегнат можностите за субјективизам и одолговлекување на нивното користење.

Еве, на кратко, тоа е мојот скромен придонес по однос на овој Предлог на закон што го имаме на расправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Костадинова.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Бидејќи е ова прва фаза од разгледувањето на Законот, би се осврнал на тоа што, барем според мене, се покажало во досегашната практика дека претставува

проблем при реализацијата на буџетите и многу од нас пратениците, без разлика на позиција и опозиција се среќаваме со истото. Но, тогаш расправаме во некој краток временски период, обично пред Новата Година и доаѓаме до ситуации што никој од нас не ги посакува.

Затоа, со донесувњето на овој закон мислам дека ќе треба да направиме еднаш засекогаш работите да течат по еден нормален тек, каде што Парламентот и пратениците ќе бидат во состојба да ги разгледуваат сите овие предлози на Владата, да се донесат заклучоци. Значи, во фазата кога се носат буџетите да бидат вклучени пооделен број на, преку комисиите, пратениците да ги дадат своите размислувања.

Би бил конкретен и би сакал точно да проговорам по Законот и членовите од Законот.

Во членот 10 што говори за користење на резервите, а се објаснети во членот 9, што се означени за намените за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи, како и за програми и капитални проекти што во текот на подготовката на Буџетот на Република Македонија не можат да бидат планирани. Одобрените средства за резервата не смеат да надминат 3% од вкупните тековни капитални расходи.

Членов 10 говори токму за овие средства, во ставот 1 се кажува за користење на средствата од член 9 на овој закон, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија. Тука завршува ставот 1.

Моето размислување е, во вакви случаи на елементарни непогоди, на виша сила, што ги имавме многу скоро и видовме дека Владата многу тешко реагираше, се стигна до она барање на дневница, придонес од сите граѓани на Република Македонија, значи овие средства многу тешко тргнаа кон оние кои беа оштетени. Сега се случува повторно некоја друга елементарна непогода. Јас мислам дека во дадениот момент ќе биде од корист Парламентот да го донесе тоа, бидејќи и Буџетот го носи Парламентот, за вакви непредвидени случаи, елементрани непогоди, мислам дека можеме заеднички да донесеме решение и да ги ослободиме господата од Владата од пресијата што ќе ја имаат врз себе и да се донесе таа одлука.

Во ставот 2 “По исклучок од ставот 1 на овој член, за користење на средствата од членот 9 од овој Закон одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000 денари”. И минатиот пат кога говоревме кажав, а тоа беше во расправата

по точката 6 за Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, значи и тогаш предупредив дека 150.000 денари да се дадат на одобрение на еден министер за финансии токму во вакви ситуации, мислам дека е премногу мала сума, затоа што ваквите елементарни непогоди сигурно со 150.000 денари апсолутно не можеме ниту да почнеме да решаваме некој дел од сето ова. Тука треба да се размисли, суштината на точката е ставот 2, не би требало да се гледа во однос на средствата, туку во однос на злупотребата. Треба да се избегне, да се најде начин да се избегне злоупотреба на средства што ќе ги користи министерот, а не колкави се средствата што му се доделуваат да ги користи. Тука е одговорноста на министерот во однос на средствата што му се доделени и со кои што треба да владее во дадениот момент за да може да запре некоја активност.

Понатаму, членот 17, тоа е Главата 2, буџетскиот процес, основа за подготвување на Предлог на буџетот на Република Македонија. Членот 17 гласи:

"Основа за подготвување предлог-буџет на Република Македонија е оценката за економската полилтика, приоритетите на Владата и проекцијата на макроекономските агрегати за годината за која што се донесени буџетите. Министерот за финансии е одговорен за подготвување на предлог на буџетот на Република Македонија и за негово доставување до Владата".

Токму тука, во овој член, јас пред малку говорев, да се вклучат комисиите, парламентарните комисии бидејќи се случува на самата седница да има едно чудо предлози што даваат, сигурно не во сите ситуации, но во поголем број подобри предлози од она што ни е доставено како предлог на буџет. Мислам дека апсолутно нема да биде проблем ниту за министерот, ниту за вклучување на овие комисии во пооделните министерства со своите предлози да ги изложат и образложат за да можеме да најдеме најдобри решенија, така што Буџетот при усвојувањето да биде она што е најдоброто за граѓаните на Република Македонија затоа што во основа се работи за нивните пари.

Уште еднаш би сакал, еве директно до министерот, членот 17 доколку постои најмала можност за вклучување на парламентарните комисии во помошта при изработка на предлог на буџетот, мислам ќе биде од корист и за министерот и воопшто седниците да имаат многу порелаксирана атмосфера при донесувањето на самиот буџет. Тогаш сите тие стотици амандмани што ги отфрламе и за кои што кажувате дека се изнасилено донесени, ги отфрлате, но во секој случај доста од нив се издржани и ќе можеме да најдеме заедничко решение.

Во членот 22 говориме за одговорност за утврдување на максимални износи на расходите:

"Раководителот на буџетската институција, носител на функционалната област е одговорен за распределба на максимални износи на расходите на останатите буџетски институции што се во рамките на таа функционална област".

Сега останува што е одговорноста. Ако е одговорноста членот 61, каде што имаме казна од 20.000 до 50.000 денари, а овие максимални износи можат да бидат, не знам колку и вие самите можете да ги предвидите, тогаш апсолутно мислам дека не држи и одговорноста ќе треба уште во стартот да се објасни кој за што одговара. Тоа е основата за било кој закон за да можеме да разговараме. Затоа што вака одговара, тука завршува се, е одговорен за распределбата. Тоа дека е одговорен, е одговорен. Што ќе рспредели, понатаму ќе кажат буџетите, затоа што неколку години наназад тие капитали инвестиции остануваат неискористени  и тука е големата одговорност на одделните министерства и министри, но такви работи апсолутно не ги добиваме.

Понатаму, членот 26, ставот 1, алинеја 8 и 9, мислам дека се тие "Постигнати резултати од активностите спроведени во тековната година" и "очекувани резултати во фискална година и наредните две фискални години". Бидејќи сега имаме директен пример од она што вие го објаснивте последниот пат, она што го очекувате во наредната година, т.е. веќе во оваа година и наредните две години, пред вас имаше вакво образложение и 2003 година и 2004 година, па сега се прашувам што од сето тоа, дали очекуваните резултати што очигледно потфрлаат или се под она што било претходните буџетски години, што со тоа? Кај кого е одговорноста?
Кои се факторите и како може да се влијае и дали овие две години што вие ги образложивте понатаму,  ако се случи уште во првата година да потфрлат резултатите, што ќе се случи понатаму со овие две стратешки, така да речам, планови, понатаму за развојот на Република Македонија. Тоа е многу важно затоа што генерално се зацртува некој план и некои проценти кои нашата економија, нашето стопанство треба да ги постигне, за да стигнеме таму каде што сме тргнале, во ЕУ и во НАТО. Затоа мислам дека во овој дел ќе треба да биде и многу поголема и одговорноста, не само да се прават тие предлози на буџетски пресметки, туку после тоа корекциите и до каде можеме да стигнеме, да биде запознаена и македонската јавност и тоа што вие како Министерство и како Влада го правите.

Понатаму членот 28. Членот 28 говори за одговорност заради непочитување на рокови за доставување Предлог на буџетска пресметка. Кажувате дека за буџетски институции кои нема да ја достават Предлог буџетската пресметка, согласно член 25 од овој Закон, Министерството за финансии во нивно име ја изготвува истата, при што максималниот износ на одобрените средства не може да биде повисок од износот на одобрените средства на буџетската институција, со Буџетот на Република Македонија во тековната фискална година. Значи, Министерството за финансии во име на овие буџетски институции ќе ја изготви буџетската пресметка. Сега дали може да се случи, бидејќи вие како Министерство би го работеле тоа, повеќе од овие буџетски институции да се откажат и вие да ја завршите работата за нив, бидејќи понатаму пишувате за одговорност, за непочитување на рокови, Но, дали нивната одговорност значи префрлање ваша обврска на Министерството, вие да ја завршите буџетската пресметка. Освен тоа тука не гледам апсолутно некоја друга одговорност на луѓето кои ќе пропуштат тоа да го направат. Сигурно дека тоа е нивна обврска.

Во Глава 3 член 31, повторно во однос на Буџетот и во однос на она што пред малку го говорев. Еве во член 31 став 1, се вели" Владата го утврдува Предлог буџетот на Република Македонија и го доставува до Собранието на Република Македонија за донесување најдоцна до 30 ноември во тековната година". Јас мислам дека овој рок е долг, бидејќи наредниот став кажува дека Собранието на Република Македонија не може да го разгледува Предлог буџетот пред да поминат 20 дена од денот кога истиот бил доставен до Собранието на Република Македонија. Значи ако се запазуваат крајните рокови, расправата по Предлог буџетот би започнала некаде на 21.12. Тука доаѓаат празници, доаѓаат саботи и недели и сега ние сме принудени во овој временски теснец, бидејќи и ова претходното ако не се прифати, ако не се вклучат комисиите, ако не бидат активни пратениците, да имаме амандманска расправа, доаѓаме до едни нервозни ситуации кои апсолутно не се потребни. Сето тоа треба да се помести барем за 15 дена и буџетот на Република Македонија релаксирано, на 15.12. веќе да биде донесен затоа што тоа го прават сите држави во ЕУ. Ние се држиме по стариот календар, нашиот Божик е на 7 јануари, тие веќе на 25 не работат и неколку дена пред тоа. На 15 декември веќе е се завршено. Така што мислам, и за Министерството и за Собранието нема да биде ништо лошо до 15.12. буџетот да биде донесен. Тоа ќе биде и релаксирачки затоа што 31.12. вие го објавувате во "Службен весник", еве веќе 10-12 дена апсолутно

никој не работи, така што уште во старт тие 15 дена се изгубени. Мислам дека тука ќе може да се најде начин како завршетокот на сето тоа да биде 15.12. Мислам дека барем за ова ќе треба да најдеме еден заенички јазик.

Членот 38 од Глава 4, во ставот 2, мислам дека не е до крај дефинирано. Вели: "До колку одобрените средства за капитален проект не се искористат во кварталот за кој биле одобрени, буџетската институција до Министерството за финансии доставува образложение за доцнењето". Тоа до тука е во ред, бидејќи многу добро го образлагате тоа во членот 53, на кој начин функционира сето тоа. Но, во ставот 3 од овој закон од членот 38 кажувате "до колку добиеното образложение не е соодветно, на предлог на министерот за финансии Владата може да донесе одлука за намалува на одобрените средства и нивна пренамена во резерви за капитални расходи, со цел повторна пренамена за поитни капитални проекти". Сега тоа е во колизија, затоа што образложението да не биде соодветно, ќе треба да се формира повторно комисија која ќе го разгледа . На тоа мора да има право на жалба на тој што го образлага сето тоа и кој го поднесува, а од друга страна во членот 53 се дефинирани сите ставови и начини по кои може да функционира и да се даде овој капитален проект. Значи, ваквиот начин едноставно може да доведе до тоа многу од корисниците од овие капитални средства за капитален проект да не бидат искористени и да бидат пренасочени во многу други капитални проекти, со што мислам дека ќе се доведеме во ситуација повторно некој да се сомнева во добрата желба на Владата и на министерот за финансии. Мора да се изнајде начин и тоа да се регулира.

На крајот би сакал да завршам со Глава 8 и членот 61 став 1. Само би го прашал министерот дали тоа е завршено и дали после ова може да се знае кои се санкциите затоа што ставот 1 говори за казнени одредби и кажува "одговорното лице кај буџетските институции ќе се казни за прекршок, со парична казна од 20 до 50.000 денари", и се набројуваат неколку потставки кога тоа може да се случи.

Јас би запрашал за ставовите 6, 7 и 8 каде вели "Презема обврски над одобрените средства со Буџетот". Тука завршува. Значи казната е 20 до 50.000 денари, а преземени се обврски над одобрените средства со Буџетот, не се кажува во кој износ, колкави може да бидат овие средства и дали има некоја граница која не може да се надмине или до која ќе важи оваа казна. После тоа мислам дека треба да има и кривична одговорност за вакви ситуации каде задолжувањето може да биде со

500.000, или 1.000.000 или 2.000.000, а казната да биде 20 до 50.000 денари, што секој може да ја плати.

Во ставот 7се вели: “Не ги пријавува преземените обврски заради нивното евидентирање во единствената база на податоци за преземени обврски во трезорот”. Што со пронајдените, што после тоа кога тие ќе се пронајдат. Дали пријавените обврски ќе треба да ги исплати лицето кое не ги пријавило, дали тоа оди на товар на буџетскиот корисник, или оди директно на централниот Буџет. Тука мислам дека не е јасно .

Во ставот 8 се вели: “Презема обврска за идни години, без претходно добиена согласност од Министерството за финансии”. Сега дали сета оваа обврска, бидејќи доаѓаат локални избори, се случува многу често да говориме сега по единиците на локална самоуправа дека пооделни општини се задолжени дури и во наредните три години да ги добиваат средствата, не ќе можат да ги отплатат долговите. Што се случува со овие преземени обврски за идните години, бидејќи видовме дека се дадени можности и општините да се задложуваат, да земаат кредити, без претходно добиена согласност од Министерството за финансии и дали и тука има кривична одговорност за лицата кои ќе го направат тоа и до кој износ тоа може да биде. Таквата казна од 20 до 50.000 денари, за вакви прекршоци, мислам дека води во некоја ситуација како за некој сообраќаен прекршок, во најмала рака кога ќе ги зголемиме нив, може да бидат поголеми одколку за тоа што некој може да ја задолжи некоја општина во наредните години со незнам колкави средства.

Тоа се мои забелешки по однос на овие неколку члена и мислам дека министерот ќе може барем да размисли, ако не прифати дел од нив и мислам дека понатаму единствениот начин како да разговараме за буџетот и како за буџетските средства да имаме многу помала расправа и побрзо да ги донесеме е токму зедничкото разгледување во комисии и предлозите кои и Владата ќе ги донесе, но и за возврат ќе ги добие од комисиите, значи од пратениците, директно од граѓаните на Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме по заклучокот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратениците во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 62 пратеници.

На Собранието му предлагам да го утврди следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за буџетите.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за буџетите, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија .

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија , да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 гласале за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на Царински закон**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Повелете г-ѓо Иванова имате збор.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Ви благодарам г-дине претседателе, г-дине министре, колеги пратеници,

Не дека Република Македонија досега немаше Царински закон, меѓутоа, овој закон, како што знаете е донесен 1998 година и потребата од донесување на нов Царински закон произлегува од потребата нашето законодавство да се усогласи со Европското законодавство, во оваа област, од потребата да се вградат многу меѓународни и Европски стандарди кои во досегашниот Закон ги немавме вградено, а и особено од практичната примена, она што произлезе, одредени одредби во овој Закон се недоволно јасни и прецизни. Ваквите непрецизни и нејасни одредби во Законот правеа и отвараа огромни дилеми во практичната примена.

Почитувани колеги пратеници јас во мојава дискусија нема да трошам време за аргументирање на потребата од донесување на овој закон затоа што искрено сум убедена дека сите пратеници се убедени дека има птореба од донесување на ваков закон. Но, јас во мојава дискусија посебно ќе се осврнам на забелешки, мислења и предлози што сметам дека со овие мои предлози, мислења и забелешки ќе придонесам да го подобриме текстот на Закнот.

Да кажам дека понудениот текст на закон е доволно добар и квалитетен, но сепак постои можност понудените решенија уште повеќе да се унапредат и да се усовршат.

Мојата дискусија односно моите забелешки, мислења, предложи и сугестии јас ќе ги поделам како суштински забелешки за допрецизирање на текстот на законот.

Во однос на суштинските забелешки, веднаш ќе почнам од членот 4 каде се дадени односно дефинирани поимите на употребените изрази во овој Закон. И како една од причините заради која се укажала потреба од донесување на еден ваков закон е, како што и самиот предлагач кажува, воведување на повеќе дефиниции за поимите, заради доследно и попрецизно применување на решенијата од Законот.

Во членот 4 имаме повеќе дефинирани поими, но читајќи го текстот понатаму ценам, предлагам и мислам дека овој член 4 треба да се дополни со дефиниција на поимите: имателна информација, тарифна информација и задолжителна тарифна информација. Ова го предлагам од причини што сметам дека, доколку немаме вакви дефиниции на овие три поими би дошло до дилеми околу примената на членот 11.

Кога веќе зборувам за поимникот и дефинициите, сакам веднаш да кажам, но не знам дали сум 100% во прво, дека зборот “тантиеми” е недоволно познат, а тој е употребен во членот 35 став 1 точка В) и е недоволно јасен и е досега неупотребуван, па заради избегнување на непрецизности при примената, сметам дека во поимникот исто така треба да се даде дефиниција и на овој поим.

Почитувани колеги, во членот 4 став 1точка 15 таксативно се наведени сите царински постапки, за да се разработат подоцна во содржината на законот тие царински постапки. Читајќи  го законот кај мене се отвори дилема зошто во членот 4 став 1, точка 15 не е предвиден привремениот извоз. Можеби како посебна постапка предлагачот не го предвидел затоа што привремениот износ е регулиран со членот 40 од Законот за надворешно трговско работење. Но и привремениот увоз исто така е разработен таму, а бидејќи во точката 15 е предвиден како посебна царинска постапка привремениот увоз, аналогно на ова сметам дека треба да се наброи како

посебна царинска постапка и привремениот извоз, затоа што ако сакаме Република Македонија да биде конкурентна на странските пазари, еве илустративно да кажам особено околу извршување на некои работи, за извршување на тие работи сигурно е потребно а се дефинира и една ваква постапка.

Почитувани колеги, она што особено како позитивно го ценам во овој закон се одредбите и решенијата дадени во Глава ИИ, од овој закон со кој се регулирани правата и обврските на лицата во поглед на царинските прописи и овде еден хаос кој што владееше во оваа сфера предлагачот се обидел, според мене доволно узпешно, да ја регулира оваа област, со тоа што предвидел субјектите кои ќе учествуваат во царинските постапки да имаат правните субјекти одобрение за вршење на ваква работа на застапување во постапките, а физичките лица кои ќе работат во правните лица да се стекнуваат со царински лиценци за вршење на застапување и со ова практично она што беше во практиката секој кој може и кој ќе најде за потребно да учествува како застапник во царинската постапка, со што се нанесуваа огромни штети на стопанските субјекти, а сигурно и на државата, веќе се анулира и практичо можеме да кажеме дека оваа област ни е доволно регулирана.

Меѓутоа, сметам дека предложените решенија за правото на застапување и правата и обврските можат уште повеќе да се доразработат и да бидат уште поквалитетни. Еве што предлагам.

Во членот 5, каде што е регулирано правото на застапување во царинската постапка, овој член не е нов, го имаше и во постојниот закон, меѓутоа, сега, со членот 5 се дополнува постојното решение со тоа што застапникот во царинската постапка веќе треба да даде пред царинскиот орган дека ќе застапува некој правен субјект, но потребно е да има негова изјава.

Јас би додала, заради избегнување на обврските и евентуално правата кои произлегуваат од царинското застапување, би требало застапникот пред царинскиот орган да поднесува писмена изјава. Исто така, не да оставаме на барање на царинскиот орган застапникот да поднесува овластување за застапување, сметам заради целосно регулирање на ова прашање оваа обврска на застапникот би требало да биде задолжителна и решенијата на членот 5 предалгам да се дополнат во оваа насока.

Во однос на правата и обврските на лицата кои учествуваат во царинските постапки, во членот 6 предлагачот доста успешно успеал да го регулира прашањето

околу стекнувањето и одземањето на одобренијата и лиценците за вршење на застапување. Меѓутоа, вака како што е дадено решението особено во ставот 1, точка 7, сметам дека е недоработена оваа одредба и во оваа одредба треба да се допрецизира во смисла што ќе треба да бидат разграничени условите односно причините поради кои ќе се одзема одобрение за вршење на работа во застапување и лиценца за вршење на работи на застапување, затоа што одобрение се стекнува правното лице, а со лиценца се стекнува физичкото лице. Затоа треба да бидат разработени конкретно условите под кои ќе се стекнува одобрение и ќе се губи правото на носител на одобрение и условите под кои ќе се стекнува правото за лиценца и под кои ќе се губи.

Исто така, во оваа насока сметам дека рокот за одземање на лиценцата за вршење на застапување заради несоодветно постапување на физичките лица кои ќе се стекнат со лиценца, рокот по три години е многу долг и затоа во предлогот, во текстот на законот сметам дека предалгачот треба да ја има предвид оваа моја забелешка.

Понатаму, сметам дека предлагачот има испуштено да предвиди посебен рок за одземање на одобрението за работа на правното лице.

Почитувани колеги, во членот 10 е предвидено право секое заинтересирано лице да може од  царинскиот орган да бара информација во поглед на примената на царинските прописи. Јас како правник би кажала дека веднаш при изработката на текстот на Предлогот на законот предлагачот треба да предвиди задолжителна обврска на царинскиот орган и рок во кој што царинскиот орган ќе ги дава овие информации по писмено барање на заинтересираното лице, затоа што вака како што е дадено правото во членот 10 без рок и задолжително постапување може да го сведеме на голо право, право предвидено а да не може да се користи.

Почитувани колеги, она што посебно сакам сега да го потенцирам во однос на овој закон е членот 42 ставот 2. Од секаде, од сите релевантни меѓународни фактори доаѓаат оценки или добиваме сигнали дека имаме најкорумпирана царина во Европа. Ако е тоа така, или да не веруваме дека е така меѓутоа да ги отстраниме работите кои придонесуваат за корумпираност за да можеме и на ова поле успешно да се справиме со евентуални корумпирани делувања, сметам дека во членот 42 ставот 2 е дадено огромно дискреционо право на царинците да утврдуваат висина на царинска основица за пресметување на царински давачки. Мое мислење е, а сигурно и сит се согласуваат дека е потребно да ги редуцираме дискреционите

права не само на носители на функции од првиот ешалон, туку треба што е можно повеќе да ги уредуваме прашањата со закон, дискреционите права да ги намалуваме, дури и на службениците кои вршат јавни овластувања, затоа што тие се извор на коруптивни делувања, сметам дека членот 42 ставот 2 треба да се доразработи во смисла што ќе се утврди постапка и критериуми единствени на територијата на Република Македонија, единствени критериуми и начин на постапување на одреден царински орган или колективно тело кое ќе одлучува за утврдување на висината на основицата за пресметка на царинските давачки.

Исто така, сакам да дадам забелешки на членот 110 и понатаму, со кои се регулираат царинските јавни и приватни складови. Ова е добро решение, меѓутоа, сметам дека ова решение треба уште да се прецизира со тоа што ќе треба да се предвидат услови, конкретни услови врз основа на кои ќе може одреден правен субјект да се стекне со правото да биде држател на приватен или јавен склад. Во спротивно, исто така, ова би можело да биде извор на коруптивни делувања.

И на крајот , би сакала уште да проговорам за царинските слободни продавници. Исто така, за царинските продавници кои се регулирани со членот 127 треба да се прецизира што се подразбира под задоволителни докази кои треба да ги достави држателот на слободна  царинска продавница дека ќе ги почитувал условите под кои ќе работи слободната царинска продавница. Овде треба да се утврди односно да се конкретизира што е тоа “задоволителни докази” за да не му дадеме повторно дискреционо право на некого да одлучува што се тоа задоволителни докази и да имаме повластени лица кои ќе се стекнуваат со тоа право.

На крајот, имам забелешка во однос на членот 258 каде што е пропишано дека за неизвршувањето на царинските прописи повредите ќе биат категоризирани како прекршоци и како кривични дела, за веднаш во ставот 3 да каже дека по барање на царинскиот орган за дејствијата од ставот 1, а тоа е прекршоци и кривични дела,  надлежниот суд ќе спроведува постапка. Почитувани колеги, јас мислам дека ова е во спротивност со Уставот и правните прописи, правниот систем на државата, затоа што за прекршоци по барање на Царинската управаа може да се покрене постапка пред суд, значи врз основа на барање на царинската управа, но за кривични дела единствено оведува постапка јавниот обвинител кој е единствено надлежен да ги гони сторителите на кривични дела.

Исто така, имам доста забелешки кои се вградени во Извештајот на Законодавно-правната комисија. Сметам дека овие забелешки ќе бидат земени предвид при изготвувањето на текстот на законот, сметам дека со моите забелешки ќе успеам да го подобрам текстот на Законот и ќе имаме една појасна, побрза и поефикасна царинска постапка, ќе имаме многу попрецизно утврдени права и обврски на сите учесници во царинската постапка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Иванова.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам пртресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, на Собранието му предалгам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на Царински закон. 2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на царински закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранито на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратенци, 58 пратеници гласале за, еден воздржано и нема против.

Молам службите да го констатираат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментов на гласањето беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 19 - Предлог за донесување на закон за јавен долг.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Костадинова, имате збор.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам, господине претседателе,

Ќе напомнам дека ќе бидам сосема кратка. Навистина ќе биде сосема катко за да не остане така без дискусија еден така важен законски предлог.

Во своето новогодишно експозе по буџетот и економската политика за 2005 година, министерот за финансии даде краток осврт и на проблематиката за управување со јавниот долг и притоа нагласи, цитирам: “Заради успешно управување со долгот на долг рок ќе ја воведеме за прв пат во Република Македонија законската рамка и ќе ги дефинираме носителите на долгот, критериумите и лимитите за задолжување во земјата и странство, како и издавањето на гаранции”.

Почитувани колеги, посебен предизвик сега треба да ни претставува Предлогот за донесување закон за јавниот долг што го имаме за расправа во прва фаза, затоа што оваа проблематика за прв пат ќе се регулира со посебен закон, па добро ќе биде да ги дадеме нашите забелешки, доколку ги имаме, за што поцелосно регулирање на оваа проблематика. Прашањето со задолженоста на нашата држава често пати се поставува на Собраниската Комисија за финансирање и буџет, па еве сега, со овој предлог закон транспарентноста на ова прашање ќе добие уште поголемо значење и ќе се има законска основа и стратегија за управување со јавниот долг и информирање за јавниот долг. Од причина што досега оваа материја не беше опфатена со посебен закон, туку беше регулирана во повеќе други закони, нормално е дека и ризикот за управување со долгот е поголем и беше пренесен на повеќе субјекти. Со конечното донесување сега и собранието ќе добие поголема улога, имајќи го предвид членот 3, точка 2 и 3 каде што стои, точка 2:”Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии донесува тригодишна стратегија за управување со јавниот долг, која ја усвојува Собранието на Република Македонија”.

Стратегијата се ажурира годишно и се поднесува на Собранието на Република Македонија заедно со Буџетот на Република Македонија. Значи тоа е акцентот и значењето што сега го добива Собранието, фактички ќе го добие кога конечно ќе се усвои овој закон. Целта на на донесувањето на овој закон ќе биде да се спречи

неконтролираното задолжување од страна на некои субјекти носители на јавен долг од причина што јавниот долг во една мала држава каква што е Република Македонија  има големо влијание на големината на Буџетот, на макроекономската стабилност, на домашната економија и на развојот на истата.

Почитувани колеги во мојата кратка дискусија ја давам мојата поддршка на овој законски предлог, затоа што сметам дека е еден позитивен  чекор во спречувањето  без стратегија и контрола земјата да се задолжува како на надворешен план така и внатрешен. Бидејќи во Министерството за финансии се преземени мерки да се формира сектор за управување со јавниот долг кое што нешто го истакна министерот за финансии во своето експозе, моето размислување е наместо агент кој како правен субјект во име и за сметка на Министерството за финансии да може да извршува определени надлежности преку склучување на договор за агент. Тој термин агент, навистина  воопшто не ми одговара, туку да постои раководител на тој сектор за управување со јавниот долг и тој да ги врши работите предвидени за агентот. Затоа предлагам во член 7 точка 2 зборот “агент” на крајот од реченицата  да се исфрли и да стои “раководителот со јавен долг”. Сметам дека  на овој начин целокупната проблематика и контрола  на јавниот долг ќе биде сконцентрирана во Министерството за финансии и дека нема потреба за ангажирање на некои други правни субјекти. Со таа забелешка која сметам дека ќе биде прифатена од предлагачот го прифаќам и Предлогот за донесување на закон за јавен долг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија  го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавен долг.

2.  Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за јавен долг, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела како, и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 пратеници гласале за, 1 воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за ревизија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Славе Арсоски.

СЛАВЕ АРСОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници, сакам да се вклучам во дискусијата во оваа прва фаза во донесувањето на законот за ревизија. Знаеме дека овој закон е донесен во 1997 година. Во изминатиот период имаше соодветни измени и дополнувања од една страна, а од друга страна во праксата во овој период се вршеше таа трансформација, или транзиција на капиталот и мислам дека веќе тој процес е завршен и сопствениците на капиталот се познати, сите сакаат во тој дел да имаат една транспарентна професионална ревизија што во овој минат период мислам дека имаше одредени недостатоци во примената на овие законски решенија, имаше соодветни поплаки во правец на вршењето на ревизијата. И добро е конечно Министерството за финансии имајќи ги во предвид сите овие состојби ни предлага еден нов закон за ревизија со кој што ќе се отстранат сите овие недоследности и во сферата на оваа проблематика ќе се покажат соодветни резултати во правец на успешно вршење на оваа дејност. Со овој закон фактички сите надлежности се напомнати и кои субјекти се носители на оваа ревизија, почнувајќи од Министерството за финансии, понатаму преку новоформираниот институт како професионално здружение, понатаму Советот за

унапредување и надзор на ревизија се до самите овластени ревизори. Сметам дека со примената на овој закон и со овие надлежности кои што се имаат на полето на самата ревизија ќе се постигнат соодветни позитивни резултати. Од друга страна сметам дека применувајќи ги одредбите што важат за оваа проблематика во европското законодавство ќе се постигне соодветна хармонизација во извршувањето на оваа дејност.

Посебно би се осврнал на одредени одредби и мои забелешки кои што ги имам воочено, што сметам дека треба да се земат во предвид во понатамошната обработка на самиот закон, во правец за донесување на еден целосен закон кој што ќе одговори на самата потреба.

По општите одредби нема што да дискутираме. Целосно е објаснето се што опфаќа и ревизија која е законска, овластени ревизии, поврзани субјекти и тн.

Во членот 5 моја забелешка би била, ревизијата согласно овој закон можат да ја вршат овластени ревизори и друштво за ревизија. Јас мислам треба да бидат регистрирани во друштво за ревизија. Понатаму вие имате напомнато како може да се формираат, колку треба да бидат овластени, да имаат вработено овластени ревизори. Затоа во членот 5 мислам таа забелешка треба да ја имаме во предвид, регистрирани друштва за ревизија. Понатаму надлежен орган, сметам дека Советот за унапредување и надзор на ревизијата, дали треба да постои, или не, бидејќи ингеренциите и понатаму ќе ги видите сами забелешките, Советот за унапредување и надзор за ревизија, институтот на овластени ревизори и самото Министерство за финансии, или министерот за финансии, дали нема да се јави соодветен дуализам. Овој Совет, тоа не е некоја професионална асоцијација, или институција, тоа е повеќе на волонтерски основи и ако ги видите одредбите кои ги предвидувате, ја следи работата, му пренесува препорака на министерот и целосно тука одговорноста, или премногу овлстување му се дава на министерот за финансии.

Член 8, го поттикнува придружувањето кон високите професионални стандарди во ревизорската професија. Тие мора да се почитуваат. Нема некој да им кажува како треба да работат. Мора да се почитуваат тие професионални стандарди. Нема што некој да ги поттикнува и на тој начин да ги извршуваат соодветните работи. И на крај се сведува дека, до министерот за финансии, министерот за финансии треба да ги донесе соодветните одлуки и тн.

Во делот на составот, сметам дека тие не се професионални лица ангажирани. Професионално не се ангажирани, туку волонтерски и ќе им следува

соодветен надомест кој што ќе се одреди во тој дел. Затоа сметам дека ова како орган можеби во овој закон не би требало да постои со вакви ингеренции. Затоа ќе се задржам на институтот на овластени ревизори кое што се предвидува. И конечно требаше во оваа област да имаме таков институт како професионално здружение кој што ќе ги извршува оние надлежности кои што ќе им се даваат со овие законски одредби. Сега веќе ако оди како Совет за унапредување и надзор на ревизијата, еве назначувањето на истите лица е од страна на министерот за финансии и ако веќе оди така, сметам дека по предлог на министерот претседателот на Советот ќе го назначува Владата. Останатите лица кои што се во тој Совет треба да ги назначува министерот за финансии. И мандатот на членовите да не е краток, мислам три години. Ако веќе се назначува да биде четири или пет години. Три години сметам дека како мандат е сепак кратко време ако како еден орган кој што треба да извршува соодветна работа, мислам три години. Еве ја давам варијантата. Овие забелешки да се имаат во предвид при конституирањето на самиот Совет за унапредување и надзор на ревизијата.

Четвртото поглавје и за пофалба конечно. Во оваа област требаше да се формира соодветен институт на овластени ревизори, бидејќи до сега не постоеше. Мислам вакво решение апсолутно е прифатливо. И во членот 10 дали институтот, некаде при крај, подготвува годишен извештај за својата работа на кој согласност дава министерот за финансии на предлог на Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Дали институтот не би требало да изготвува и годишна програма за работа? Би требало да изготвува годишна програма за работа. Како што дава годишен извештај, мора да има и програма за работа. Понатаму надлежностите прецизно кои што се наведени на институтот на овластени ревизори. Во член 11 алинеја 3 дава препорака до министерот за финансии за издавање на дозвола за работа на домашни друштва за ревизија и за издавање уверение за овластен ревизор. Дали институтот како професионално здружение може да издава уверение за овластени ревизори, или тоа се препушта на министерот. Сепак, мислам дека министерот има многу обврски и права, без разлика кој е министер за финансии. Како професионално здружение мора да има соодветни ингеренции. Ние ќе се судиме ваму за оние уверенија од странство што сега се вршат. Мислам дека ќе се навратиме на истото прашање понатаму.

Во мерките член 13 за изречени мерки како што се опомена, времено исклучување, трајно исклучување и тн. Нормално има втора фаза во тој дел мерката

на жалба вели, за изречените мерки од став 1 на овој член може да се изјави жалба до министерот за финансии. Дали не би требало тука да стои некоја комисија која ќе ја прифати таа жалба, или нема да ја прифати, или министерот го има тоа неотуѓиво право, тој е што ќе треба да одлучува некој ако е исклучен, ако има жалба и пак субјективизам да не постои тука. Дали не треба во Министерството за финансии да постои некоја комисија по овој основ, да го нема тоа право министерот како единка да одлучува за некого кој што е исклучен, или е опоменат и тн.

Главата В, законски или договорни ревизии во Република Македонија можат да вршат само овластени ревизори кои се членови на институтот и вработен во овластено друштво за ревизија. Дали овластените ревизори треба да бидат вработени и тие да ја извршуваат таа функција. Во тој дел кај мене се јавува некоја дилема. Понатаму, формирањето на друштвата за ревизија. Сметам дека во член 15 алинеја 1, има вработено најмалку двајца. Јас сметам дека треба четири или пет вработени. Во истиот член алинеја 3, обезбеди задолжително професионално осигурување за обештетување во случај на штета која може да биде предизвикана при вршење на ревизија. Кои штети? Поаналитички да се каже во тој правец и самото обештетување.

Член 17, програма за полагање на испит за стекнување на звање овластен ревизор, ја донесува министерот за финансии. Дали институтот тука не треба таа програма заеднички да ја донесува како професионално здружение. Министерот за финансии е многу инволвиран во самиот закон. Да не постои премногу субјективизам од министерот за финансии, во целиот закон, се министерот за финансии и кај првиот орган што беше и кај институтот, премногу, министерот, министерот, министерот тоа го прави. Дали со тоа не се скратуваат правата на институтот како професионално здружение. Или, еве, ако остане Советот за унапредување и надзор на ревизијата. Како во втор план се ставаат тие. Нема некоја слобода во извршувањето на своите активности во тој правец.

Во делот на услови за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор, немам никакви забелешки. Се е опфатено и по тој основ сметам дека навистина решенијата апсолутно се прифатливи и ќе одговорат на задачите кои што треба да се извршат. Понатаму, во членот, посебно за пофалба се членовите 23, конфликт на интереси, апсолутно е опфатено и кажано кога, кои конфликти можат да се јават во вршење на оваа специфична дејност, се разбира од финансиска природа и тн.

Член 26 околу надоместокот треба да се регулира. Не е кажано кога друштвото за ревизија добива надоместок, кога ќе биде и тн.

Во делот на казнените одредби апсолутно одговараат на тежината и спецификата на овој закон, бидејќи сепак кога се работи од финансиски аспект склони и самите ревизори можат да бидат во неприменувањето на самите законски одредби од кои што можат да произлезат соодветни негативности. И затоа казнените одредби кои што се предвидени мораат како такви и да се применуваат, значи, професионално мора да се врши оваа задача од страна на сите инволвирани органи во овој процес на ревизија, а посебно од самите овластени ревизори, или друштвата за вршење на ревизија. Тоа се моите забелешки во оваа прва фаза. Во втората фаза сметам дека има место во дополнувањето на самите законски одредби и во втората фаза навистина треба да донесеме еден закон за ревизија кој што ќе одговори на задачите, а и сите субјекти над кои што ќе се врши самата ревизија, самите и го бараат и навистина да имаме транспарентна ревизија на самите претпријатија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да кажам со овој Предлог за донесување на закон за ревизија, практично сакаме да создадеме еден компатибилен систем на ревизија со системите на развиените земји т.е. воведување на меѓународни ревизиски стандарди.

Значи, со овој закон се предвидуваат некои измени кои значат доближување до светските трендови, како на пример формирањето на Институтот на овластени ревизори. Но, се наметнува прашањето, тоа никаде не е објаснето, што со постојното Здружение на ревизори?

Јас ќе се обидам само некои членови да коментирам од Предлогот за донесување на закон за ревизија кои се надевам ќе ги слушне министерот и ќе ги коментира или ќе види што може да направи во смисла на вклопување во законот.

Имено, во членот 7 од Предлогот за донесување на закон за ревизија се предвидува формирање на совет за унапредување и надзор на ревизија, при што средствата за работа се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Значи, се поставува прашањето колку се тие средства и колку се калкулациите за тие потребни средства. Ова е особено важно затоа што во образложението на законот,

во делот на финансиски средства е наведено дека за спроведување на овој законо не се потребни финансиски средства.

Во членот 10 став 3 се наведува дека членови на институтот се овластени ревизори. Дали член се станува по автоматизам, значи секој овластен ревизор е член на овој институт, или некој одлучува за членството. Мислам дека тоа не е дообјаснето. Ако одлучува некој за тоа, тогаш дали единствен услов за да се биде член е да се биде овластен ревизор или има други критериуми?

Како прашање се наведува дали Министерството навистина верува дека институтот ќе има капацитет да ги спроведува сите работи кои се наведени во членот 11 од овој Предлог за донесување на закон за ревизија особено спроведувањето на испитите за стекнување на звањето овластен ревизор.

Во членот 18 се наведува дека за да се полага испит за овластен ревизор треба, меѓу другото, да се презентира доказ за завршен курс на теоретско знаење. Не знам дали овој несреќно дефиниран термин што всушност значи курс за теоретско знаење, теоретско знаење од која област и нешто подетално дефинирано.

Во членот 22 од Предлогот за донесување на закон за ревизија дефинитивно треба да се формулира и да се каже што сака законодавецот да постигне со овој член, индиректно можеби може да се разбере, но во законот треба да биде многу појасно и подецидно дефинирано.

Во членот 37 се дефинира формирање на комисија која ќе ги врши подготвителните работи во врска со отпочнување на работа на институтот, па се поставува прашањето кои се критериумите за избор на овие членови кои треба да ја формираат комисијата.

На крајот во членот 39 се дефинира кога ќе се подготви програма за полагање на испитот за стекнување на овластен ревизор, значи во рок од 9 месеци од донесувањето на овој закон.

Прашањето е кој ќе ја ревидира и потврди оваа програма? Тоа треба да го направи некое меѓународно здружение на овластени ревизори се со цел да се потврди квалитетот на таа програма.

Ова беа моите забелешки во врска со овој Предлог за донесување на закон за ревизија и сметам дека министерот ќе ги земе во предвид при формирањето на конечниот текст.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

Ги молам пратениците од Клубот да влезат во салата.

(Течат минути на чекање).

Почитувани пратеници на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за ревизија.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за ревизија, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеника од кои гласале  60 и тоа 57 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за хартии од вредност.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Димитров, а потоа господинот Аднан Јашари.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Хартиите од вредност се финансиски инструмент кој во современите држави има огромно значење за развојот и функционирањето на финансискиот пазар, а со тоа и на самите економии во целост.

Во нашата држава во 1997 година се донесе Законот за издавање и тргување со хартии од вредност, а во 2000-тата година се донесе Законот за хартии од вредност кој до сега неколку пати беше менуван и дополнуван и како што некој умее да каже дека е зрел за замена.

И покрај евидентните успеси кои изминатите десетина години Македонија ги постигна на полето на развојот на пазарот на хартии од вредност, сепак мораме да признаеме дека на овој план заостануваме зад повеќето земји во транзиција, а Предлогот за донесување нов закон за хартии од вредност кој денеска го разгледуваме би требало оваа состојба да ја измени и Македонија на ова поле да фати приклучок со земјите во транзиција кои ова поле се далеку пред нас.

За да ова не остане само како празна фраза еве неколку забелешки за функционирањето на пазарот на хартии од вредност до сега.

Прво, нашите први акционери и иматели на удели, за жал, не постанаа како резултат на нивната идеја и желбата дел од својата заштеда да инвестираат во хартии од вредност, туку како резултат на процесот на приватизација на општествениот капитал кој повеќето од нив го дочекаа неподготвени и без елементарни познавања за хартиите од вредност, начинот на нивното тргување, правата што ги поседуваат имателите, законската заштита итн.

Второ, во Македонија освен новите емисии на хартии од вредност кои ги емитуваат некои наши деловни банки, не постои случај кога некој приватен инвеститор преку јавна понуда ќе емитира актии и на тој начин ќе собере капитал за основање на некое акционерско друштво.

Во услови кога ни недостасува капитал за инвестирање, а банкарските кредити се сеуште многу скапи, ваквиот начин на прибирање на средства за инвестиции е најдобриот и најефтиниот. Се разбира, за да се отпочне овој процес не се доволни само измените на законот за хартии од вредност кои се направени во Предлогот кој денеска го разгледуваме, туку е потребно да се исполнат други услови со кои ќе се врати довербата кон целосниот финансиски систем.

Трето, и покрај изричната одредба на постоечкиот Закон од хартии од вредност дека купопродажните трансакции кои се сторени надвор од официјалниот и неофицијалниот пазар на македонската берза за долгорочни хартии од вредност се ништавни сите многу добро знаеме дека најголемиот број на купопродажни договори се правеа надвор од берзата преку разни изјави, полномошници и посредници дека неедуцираните акционери наместо кај брокерите потпишуваат некакви полномошна кај нотари за да отпосле разберат што се случувало со нивните акционерски права. Обврската за едукација на акционерите не е ниту на работодавецот ниту на мнозинскиот акционер. Нивните интереси често се сосема спротивни. Но, министерствата за економија и финансии, берзата и особено Комисијата за хартии од вредност мораа да поработат на овој проблем. Без доволна едукација на акционерите, предложените новини во законот нема да ја намалат појавата на ова така наречено тргување на сивиот пазар.

Четврто, и во поглед на известувањето т.е. обелоденувањето на податоците на акционерските друштва не стоиме многу подобро. Првично податоците се објавуваа во берзата, а моментално кај Комисијата за хартии од вредност. Одредено подобрување се направи кога се воведе задолжително котирање за поголемите акционерски друштва, но набргу многу од нив се тргнати од официјалниот пазар затоа што немаше никакво тргување со нивните акции, барем не јавно и на берза.

Ако ги отвориме сајтовите на Македонската берза и Комисијата за хартии од вредност  веднаш ќе забележите дека многу наши големи и познати фирми воопшто не ги објавиле своите податоци, а голем број од тие што ги објавиле, тоа го направиле само еднаш. Очигледно, овде или недостига контрола, или паричните казни се толку мали, па некои свсно не ги почитуваат прописите.

Преку јавната дебата по овој закон би требало да се види варијантата казните да зависат од вредноста на хартиите или да изнесуваат одреден процент од истите, инаку ќе ни се случи истото како што и се случи на Антикорупциската комисија со анкетните листови за имотната состојба на некои наши колеги.

Петто, верувам дека не постои некој во оваа сала кој не слушнал барем за еден судски процес кој е покренат или од некои акционери или од Јавниот правобранител или од Агенцијата за приватизација и од други кои сметаат дека во процесот на приватизација или во тргувањето со хартиите од вредност биле оштетени.

Некој ќе рече дека тоа е нормално затоа што во Македонија нема многу искуство со тој процес и работите сеуште не се доволно познати. Дека Македонија нема искуство, тоа е јасно, но дека во Македонија постојат прописи од оваа област и кои, колку и да се непотполни и несовршени, давале некоја насока на канализирање на овие појави, е исто така многу јасно.

Моето мислење е дека Комисијата за хартии од вредност поради редица објективни, но и субјективни причини не ја изврши целосно својата работа особено во областа на контролата на учесниците во работењето со хартии од вредност.

Во новиот закон се предлагаат новини од областа на структурата т.е. кадровската екипираност на Комисијата и нивни нови надлежности. Јас се надевам дека во иднина Комисијата ќе биде таа која ќе ја зголеми довербата на целокупната македонска јавност во институциите на пазарот на долгорочни хартии од вредност и во самите хартии од вредност, без разлика на нивниот вид.

Почитувани пратеници,

Предлогот што го имате пред вас нуди решенија за некои од споменатите забелешки. И не само тоа. Во него се дополнети и изменети многу други одредби кои во стариот закон не даваа резултати, како на пример:

- можноста за основање и функционирање на повеќе депозитари;
- можност за постоење на повеќе функционални берзи;
- извршено е допрецизирање на обврските на брокерските друштва и многу други измени, па затоа треба да го прифатиме.

Како што спомнав на почетокот процесот на издавање и тргување со хартии од вредност во Македонија има многу кратка историја. Измените кои сега ги гледаме нудат само една можност за негово усовршување.

Се надевам дека во јавната расправа по овој закон ќе земат учество скоро сите учесници на пазарот на капитал во Македонија.

Нашата сегашна цел ќе ја оствариме кога нашите домаќинки своите заштеди нема да ги чуваат под перница, туку ќе тргуваат со хартии од вредност и секојдневно ќе ги следат извештаите на берзата.

Нашите акционери ќе ги познаваат своите права подобро од брокерите, а на пазарот на хартии од вредност, покрај приватните пензиски фондови кои допрва треба да ги развиеме, ќе постојат неколку инвестициски фондови кои ќе бидат главните инвеститори во нашата економија која е желна за нови инвестиции.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Димитров.

Повелете господине Јашари имате збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам господине претседателе.

Сите знаеме кое е значењето на хартиите од вредност, посебно во пазарната економија, затоа што не случајно ова прашање, или оваа област покрај со општи акти или со општи закони, како што е овој кој ни е понуден, Предлог за донесување на закон за хартии од вредност, оваа област е уредена и со специјални акти.

Мнозинството од хартии од вредност кај нас се уредени со неколку закони како што е Законот за меници, благајниучки записи, а сите акти ги уредува Законот за трговски друштва итн.

Јас на непосреден начин ќе направам неколку забелешки, за кои јас мислам дека треба да ги искажам, а ги има овој предлог за донесување на законот.

Би започнал од членот 6 во кој член се говори за номиналната вредност на хартиите од вредност и покрај тоа, според моето размислување и во воведниот дел каде се говори за поимите што се опфатени во овој Предлог на закон, но и во овој член не се даваат податоци што всушност ја предвидува номиналната вредност на хартиите од вредност. Значи, овде непосредно се спомнува или се употребува овој поим, но во целиот текст на Законот на ни едно место не се нагласува што во суштина претставува номиналната вредност иако лично знам што значи оваа вредност.

Во членот 7 од текстот, каде што се говори за актот за емитување хартии од вредност, говорам за хартии од вредност, додека во овој член исто така се говори и за посебните видови на хартии од вредност како што се на пример разните видови за што мислам дека и покрај тоа, бидејќи оваа одредба или овој член говори како општ акт за сите хартии од вредност, добро е прашањето на видовите на акциите или класите на акциите да се определат, да се одвојат во посебна одредба.

Членот 11, каде се говори за барањето за издавање на хартии од вредност преку јавни понуди, добро е да се дадат образложенија првенствено за тоа што подразбираме под издавање или продавање на хартии од вредност преку јавна понуда. Во овој случај е добро да се дадат појаснувања за самото именување на јавниот повик, за повик и откуп или нешто друго се подразбира. Кога сум овде да нагласам и тоа дека, речиси во целиот текст, во продлолжение секогаш се говори за

емитување на хартии од вредност врз основа на јавна понуда, но на ниту едно место во текстот не се говори и за откуп на хартии од вредност преку јавен повик.

Во членот 17, алинеја 1 каде што се говори за прогласување, за попис и исплата на проспектот, мислам дека оваа одредба е добро да се усогласи со уставните одредби. Сигурно дека предлагачот знае за што говорам.

Во членот 32, алинеја 3 каде се говори за оснивање на депозитари на хартии од вредност за што би искажал добри зборови за оваа одредба, бидејќи создава можност основање за конкуренција во оваа област во сферата на основање на оваа област. Но, мислам дека точката 3 е нејасна од аспект дека оснивачкиот капитал или висината на капиталот за основање на депозитари треба да постои уште од оснивањето или по основањето. Добро е во втората фаза да се дадат објаснувања или да се објасни ова прашање.

Во членот 169 е добро, но попатно, мислам дека некој од членовите на Комисијата за хартии од вредност да не бидат во постојан работен однос, туку мислам некои од овие членови да бидат експерти, стручњаци а ќе бидат членови на оваа комисија.

За видовите на хартии од вредност, како што се на пример дописи на обврзниците, се даваат и дефиниции во воведниот дел каде што се говори за дефинициите на овие видови на хартии од вредност. Но, и покрај тоа, во содржината на текстот на законот не најдов ниту една одредба со која што ќе се уредат прашањата што се поврзани со овие видови на хартии од вредност.

Толку би имал, ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата)

Се извинувам, но повторно ќе морам да замолам да се утврди бројот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи недостасуваат уште неколку пратеници.

Имаме уште три точки, да ги завршиме до паузата, па да бидеме слободни.

Почитувани пратеници,

Успеавме да се собереме.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за хартии од вредност.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за хартии од вредност, при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници.

60 пратеници гласале, 56 за, 3 воздржани а 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 22 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог.**

Предлагачи се пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Зоран Томиќ, Аднан Јашари и поранешниот пратеник а сегашен министер Зоран Шапуриќ.

Предлогот на законот и дописот на Законодавно-правната комисија и Извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандмани на член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 13 за менување на воведната реченица и за додавање два нови члена 13-а и 13-б по членот 13, по кои предлагачите на Законот не се произнеле.

**Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2,** поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам кој бара збор?

Има збор Јанаке Витановски.

ЈАНАКЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Овој амандман го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

**Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на воведната реченица,** поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

**Отворам претрес по амандманот за додавање два нови члена 13-а и 13-б по членот 13,** поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, сите 58 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам, службите нека го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во моментот на гласање беа присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 23 - Барање за давање на автентично толкување на член 350 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 350 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на Република Македонија" број 14/98 и 38/2002) поднесен од пратеникот Исмет Рамадани не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Исмет Рамадани.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата бројната состојба не е изменета, 66 пратеника се присутни.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 24 - Барање за давање на автентично толкување на членовите 47, 60 и 104 став 4, од Законот за избор на пратеници во Собранието**

**на Република Македонија, поднесено од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.**

Поранешниот пратеник Зоран Шапуриќ.

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членовите 47, 60 и 104 став 4, од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, поднесено од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Андреј Жерновски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата бројната состојба не е изменета, 66 пратеника се присутни.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Во салата се присутни 66 пратеника, 59 гласале, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

За продолжението на седницата што е прекината дополнително ќе бидете известени, а на 24 има закажано нова седница.

Благодарам.

(Седницата заврши во 14,40 часот).